# Култура

Разговор со Милчо Серафимовски

# Приказната околу плакатот е чудна

## Едноставноста на дизајнот влијае врз емоциите на гледачот

ЛИЛЈАНА МИТЕВСКА

Плакатот е медиум на масовната култура. Афинитетите на Милчо Серафимовски, дизајнерот на овогодишниот плакат за Скопскиот џез фестивал, лежат токму на полето на овој феномен на современта цивилизација. Иако дипломирал на Архитектонскиот факултет во Скопје, тој никогаш нема работено како архитект. Со дизајнот започнува да се занимава уште од 1991 година, главно работејќи на дизајнирање на омоти, плакати и разни видови на пропаганден материјал.

**Постои голема работа на плакатот почнувајќи од идејата па се до финалниот производ. Ќе можете ли да ни го приближите целиот процесс на изработка и презентација на плакатот?**

Се зависи од производот што сакате да го добиете. Времанскиот период во текот на кој ќе го работите плакатот зависи од количеството на креативна енергија што треба да се внесе во него. Можеме да зборуваме за нарачката од Скопскиот џез фестивал, која беше доста лежерна. Јас требав да изработам некое идејно решение, за кое требаше да се види дали може да помине а потоа да биде изведено. Тоа е всушност најтешкиот дел, да се дојде до некоја идеја која клиентот треба да ја одобри. Откако таа идеја е одобрена следува дефинитивната реализација, што значи фотографирање и ретуш, односно поместување во сферата на овие димензии на оформување на плакатот. Нормално е дека денес сè се прави компјутерски. Се прават пробни отисоци од материјалот, кој повторно се одобрува од клиентот како краен продукт и потоа се прават додатни филмови кои се користат во печатница. Ова е некоја груба шема на изработка на плакатот. Во процесот можат да бидат вклучени повеќе луѓе, човекот кој го прави идејното решение односно дизајнерот, оној кој што ќе го обработува на компјутер и на крајот печатењето, што претставува одделен процес и е работа на друга фирма.

**Скопскиот џез фестивал е една од главните културни манифестации во земјава. Какво е вашето искуство во однос на оваа соработка и колку е за вас битно да работите на плакат за една ваква манифестација?**

Приказната околу оформувањето на овој плакат за Скопскиот џез фестивал, е стара две години и е доста чудна. Четката, која ја претставува основата на плакатот, ја пронајдовме случајно со еден мој пријател во еден отпад во МЗТ. Всушност неа ја пронајде мојот пријател додека јас нешто чепкав по отпадот. Веднаш се вљубив во неа. Тоа е едно мало четкиче, долго околу 15 или 20 сантиметри, кое изгледа навистина интересно. Моето размислување околу неа започна уште тогаш, но дури оваа година успеав да ја вметнам во една идеја каде што можам да ја оживеам. Многу луѓе ме прашуваат што всушност претставува таа, дали е тоа некој африкански тотем, некоја вуду кукла или нешто слично. Идејата се состои во тоа што преку давањето на бодѕ лангуаге, таа четка таа веќе не е четка. Таа станува нешто друго, побудува импресија дека се работи за жив предмет кој поврзан со сенката веднаш асоцира на некој ритам. Впечатокот го надополнува позадината која јас ја нарекувам африцан сунсет, така што асоцијацијата е веднаш уочлива. Идејата е како да ја оживеете четката, која во надворешниот, објективен свет е само четка и како од неа да направите нешто кое таа не е. Значи од ништо да се направи нешто. Воопшто не ми е важно дали ќе добијам награди од некои фестивали или нешто слично, битно ми е плакатот да живее додека трае манифестацијата.

**Спотот за џез фестивалот е работен од Дарко Митровски и Александат Поповски. Колку успешно нивната идеја се надополнува на вашата?**

Дарко и Ацо ми се драги пријатели. Тие успејаа да да ја трансформираат идејата во нешто малку поразлично, но сепак ги задржааа топлите бои и осетот. Навистина ми се допаѓа она кое го направија тие. Создадоа даркерски ефект но ја задржаа првобитноста на идејата.

**Плакатите и рекламите стојат помеѓу човекот и светот како модели на стварноста кои продираат во неговата потсвест и го определуваат неговото однесување. Една од основните функции на постерот е неговата сугестибилност. Дали фирмите или културните манифестации овде имаат верба во моќта на плакатот, како медиум кој ќе го насочи делот од потрошувачкото општество кон нивните производи и услуги?**

Прашањето е доста интересно бидејќи кај нас постерот како медиум е многу малку искористен. Еве на пример, наброеете ми колку македонски постери сте виделе низ градот последнава година. Плакатот е многу малку искористен од страна на театарот или филмот. Освен овие постери за изборите, други и нема. Во центарот на градот воопшто не постојат рекламни паноа, но сепак можат да се видат по некои плакати од фирми кои се рекламираат. Тоа значи дека постои некое движење во таа насока но сметам дека во основата на проблемот стојат финансиите, бидејќи како прво тој простор треба да се откупи, да се изработи плакатот кој е исто така скап, потоа да се изработат поголем број на примероци бидејќи со два нема да поминете. Потребни ви се најмалку педесет или сто. Значи проблемот лежи во финансиите но и во непостоењето на култура за изработка на плакати. Мислам дека таа свест кај нас е сеуште недоволно развиена. На пример, оваа година имаше изложба на плакати од Полска во Музејот на град Скопје. На неа беа претставени можеби стотина плакати изработен во текот на десет години. Тоа беа плакати за театар и филм како и некои со хуманитарна содржина. Она што можеше да се забележи на неа е тоа дека Полска има школа за плакати. Во Македонија неможете да соберете сто плакати ни за десет години, доколку тука не ги вбројуваме политичките бидејќи нив не ги сметам за уметнички. И јас самиот немам изработено многу плакати од овој тип. Имам работено главно информативни плакати кои ја немаат содржината која ја носи плакатот за џез фестивалот. На пример, првиот плакат кој што го работев за Скопскиот џез фестивал, го имав изработено во 1993 година и тој имаше сосем различен дух на размислување. Со текот на годините најверојатно има измени во начинот на моето размислување, па денес имам некој друг пристап кон она кое сакам да го прикажам низ плакатот. Сметам дека едноставноста на решението влијае врз емоциите на оној кој што го гледа делото, овозможува врзување со манифестацијата и со она што самиот плакат сака да го каже.

**И самиот велите дека дека она што сте го работеле 1993 година било на едно подруго ниво. Дали во Македонија постојат квалитативни измени во рамките на оваа дејност во последните неколку години?**

Во моите почетоци компјутерот не беше во полза на графичкиот дизајн. Некаде после 1994 година, во светски рамки, настанаа промени во графичкиот дизајн кои беа и функционални и естетски. Со текот на времето работите почнаа да се движат и кај нас. Мислам дека во моментов сепак постои некаква сцена на млади графички дизајнери во Македонија, кои успеваат светското движење и новите идеите да ги донесат и кај нас. На пример, во секое време можете да отворите сајт на графички дизајнер од Њујорк, Хонг Конг, Јапонија, Германија и Англија. Младите луѓе овде сепак размислуваат на таа тема, гледаат дека е неизбежно да се движиме во некои глобални рамки. Филингот кој го дава компјутерскиот естетски дизајн е посебен. Сега повторно ќе се на вратам на плакатот за џез фестивалот. Четката која ја земав за основа, сигурно не е извиткана. Значи дека за да ја добијам таа форма без помош на компјутер, ќе морав или да ја виткам или да направам четка која е извиткана. Тоа се тие можности кои ги дава компјутерот, но сепак е најважно кој стои пред компјутерот а не самиот компјутер. Оваа сцена во Македонија е навистина во развиток. Но во последно време се појавуваат агенти и дизајнери од странство кои се нудат и веќе работат овде, така што е неизбежно преку конкуренцијата да се зголеми и квалитетот на она што го гледаме.

**Дали сметате дека плакатот е малку потценет во однос на значењето кое најголемиот дел од луѓето го придаваат на телевизиските реклами и на телевизијата како најмоќен медиум, сметајќи дека тој им го нуди најдоброто па токму затоа и се орјентираат на таа страна?**

Токму така. Телевизијата е најјакиот медиум на овој век и таа навистина има големо влијание врз луѓето. Нормално е луѓето кои постојано гладаат телевизија, да не излегуваат од своите домови и тогаш нормално е да неможат да видат ништо друго. Во тој смисол е многу појак медиум.

**Постои ли проект на кој моментално работите?**

Работам повторно за Скопскиот џез фестивал, го работам омотот на компакт дискот за камерно дуо на клавир и виолина.

**За кого се имате работено плакати и омоти?**

Нарачките за плакати се доста ретки и обично се однесуваат на музички плакати. Покрај плакатите за Скопскиот џез фестивал немам работено многу други плакати. Главно работам продукциски дизајн и дизајнирам омоти за компакти. Го работам и рекламниот материјал кој ги придружува. Имам работено за Влатко Стефановски, Леб и сол, Бодан Арсовски, Вања Лазарова, Анастасија, Кисмет, Стрин Форсис и некои други.






*Скопски џез фестивал*

# Сепак добра програма

Драстично намалениот буџет од Министерството за култура е причина за намалувањето на содржините на годинашниот Скопски џез фестивал, иако имињата што се наоѓаат на годинашната програма можеа слободно да се најдат на програмата на оваа манифестација и во изминатите години. Ова беше кажано на вчерашната прес конференција по повод годинашното издание на Скопскиот џез фестивал.

Директорот на фестивалот, Оливер Белопета, извести и за програмата на фестивалот. Фестивалот започнува на 23 октомври (сабота) и ќе трае четири дена до 26 овој месец. На првата вечер се содржани три концерти со музичари на современиот џез и њујоршката даун-таун сцена. Фестивалот за прв пат оваа година ќе го отвори жена, Зина Паркинс на харфа. По нејзиниот настап ќе се претстави американскиот експерименталист, композитор и гитарист - Елиот Шарп заедно со саксофонистот Чарлс Гејл и на крајот првиот блуз проект на Елиот Шарп насловен како "Тераплејн" со специјален гостин ди-џеј Соул Слингер. Во рамките на првата вечер ќе бидат претставени и неколку помлади џез музичари од Македонија, кои ќе изведат програма "Џез музик". Втората вечер ќе биде вечер на африканска музика со Салиф Кеита-музичарот кој за прв пат ја започна традицијата за одржување на африкански вечери. Третата вечер ќе се претстави легендарниот пијанист Херби Хенкок кој ќе настапи со својот акустичен секстет и неговиот последен проект насловен како "Светот на Гершвин". Годинашниов џез фестивал ќе заврши со кубанската група прогласена за број еден - "Кубанизмо" составена од 14 музичари. Сите концерти ќе се одржат во Универзалната сала. Како што најави Белопета, ќе има и еден дополнителен концерт кој ќе се одржи во ноќниот клуб "Маракана" со почеток во 24 часот на кој ќе настапат Елиот Шарп и ди-џеј Соул Слингер.

Белопета го искажа и своето незадоволство од неможноста да се обезбеди програмска ексклузивност како минатите години, како и недостигот на повеќе вечери од областа на авангардната музика.

На прашањето околу одржување на концерти вон програмата на фестивалот, Белопета само го